# РАЗВОЕН ПЛАН

## НА ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ – ВЕЛЕС ЗА ПЕРИОД 2021 – 2025 ГОДИНА

**ВЕЛЕС**

**Август, 2021г.**

## ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЕН ПЛАН НА ОСУ „ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ“ВЕЛЕС ЗА ПЕРИОД 2021-2025 ГОДИНА

**ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЕН ПЛАН:**

1. Оливера Коцевска- директор
2. Катерина Ефремова- психолог

3. Марија Левкова Куновска- наставник
4. Елизабета Циунова- наставник
5. Маја Талеска Панова- наставник
6. Радмила Андовска- наставник
7. Марија Панчевска- наставник
8. Македонка Миланова- наставник

## С О Д Р Ж И Н А

**I За училиштето**

- Лична карта.............................................. 4
- За ликот и делото на патронот .............................................. 5
- Важни награди и признанија .............................................. 5
- Структура на вработени .............................................. 8
- Простор .............................................. 8
- Преглед на опременост на училиштето со наставни и технички помагала .............................................. 9
- Финансиски средства .............................................. 9
- Ресурси со кои располага опкружувањето .............................................. 9
- Вовед ..............................................11
- Структура на развојното планирање  по години на реализација..............................................12

**IIМисија на училиштето** .............................................. 12

Мото .............................................. 12

Слогани .............................................. 12

**III Визија на училиштето** .............................................. 12

**IV Утврдување на подрачја на промени** .............................................. 13

**V Фактори кои го забавуваат реализирањето на целите и стратегии за нивно надминување** ..........................14

**VI План за реализација** .............................................. 20

- на целите по учебни години и приоритети.............................................. 20
- на задачите по учебни години и приоротети .............................................. 24
- на активностите по учебни години и приоротети .............................................. 43

**VIIПлан за евалуација** .............................................. 76

**Финансиска конструкција за реализација на целите**........................................................................................ 88

# I . ЛИЧНА КАРТА

Идентификациони податоци

- Име на училиштето: ОСУ „Јовче Тесличков”
- Адреса: Кукушка бр.37-Велес
- Телефон: 231-098 факс: 231-098
- e-mail: usojtv@yahoo.com
- web страна: http://jovcheteslichkov.com/

ОСУ „Јовче Тесличков“ е економско - правен образовен центар кој со текот на времето и потребите се развива и надоградува со образување на кадри од економско – правната струка за потребите на стопанството и општествените активности во градот Велес и во други општини во регионот. Традицијата што училиштето ја негува е воспоставување на социјално партнерство и едуцирање на кадар според потребите на општеството.

ОСУ „Јовче Тесличков“ е лоцирано во центарот на град Велес, во близина на кружниот тек во населбата Дворови.

ОСУ „Јовче Тесличков“ започна со работа од 1956 – 57 година. До 31.08.1960год. училиштето работеше во склоп на Гимназијата „Кочо Рацин“ како економска паралелка при Гимназијата. Како самостојно училиште започнува да функционира од 1960 година со Решение на народниот одбор на Титовелешката околија бр. 01 – 7269 од 14.09.1960 год. Од 1963-64 година училиштето работи во зградата на старата Гимназија заедно со ЦОУ „Благој Кирков“. Од Март 1975 год. училиштето работи во реновираната зграда со ЦОУ „Благој Кирков“ во две смени.

Од своето создавање, училиштето континуирано настојува да ги исполнува условите за успешно реализирање на воспитно – образовната дејност. ОСУ „Јовче Тесличков“ е средно економско и правно училиште во кое се образуваат кадри од економската, правната и трговската струка. Од 1984 год. се вклопи во новата концепција за насочено образование и го смени името во училиште за средно образование од економска – трговска и правна струка.

Од 2004 – 2005 во ова училиште воведена е економско – правна и трговска струка.

Од учебната 2006 – 2007 е надминат просторниот проблем кој се протегаше од самото создавање на училиште со тоа што беше извршена прелокација на училиштето врз основа на Одлуката бр. 0701 – 2609/4 од 14.07.2006 година од страна на Советот на општина Велес. Својата дејност од 2006 – 2007 година, ОСУ „Јовче Тесличков“ започна да ја извршува во поранешната училишна зграда на ОУ „Трајко Андреев“. Со ивршената реконструкција се создадоа услови за прифаќање на сите ученици за изведување на настава во една смена од 01.09.2006 година.

Од учебната 2008 – 2009 година воспитно – образовниот процес се изведува преку кабинетска настава и компјутер за секој ученик.

ОСУ „Јовче Тесличков“ денес претставува еминентна воспитно – образовна институција во која се практикува квалитетно образование, поттик и подршка на развојот на учениците. Наставата се одвива во современи услови за учење, тимска работа, активности прилагодени на потребите, можностите и интересите на учениците. Училиштето остварува резултати и во голем дел допринесува зазадоволување на кадровските потреби во нашиот град и регионот. Во ОСУ „Јовче Тесличков“ се образувале економски, политички и други кадри кои дале голем допринес во градот и републиката.

## За ликот и делото на патронот



Јовче Тесличков е роден на 17 октомври 1925 година во Велес. Потекнува од сиромашна работничка фамилија. Уште како дете ја почувствувал сиромаштијата и тешкиот живот,кој бил наметнат од ненародниот режим на стара Југославија.Татко му Димко едвај го прехранувал своето семејство од нередовната плата која ја примал работејќи во монополот.

Јовче основното образование го оформил во училиштето„Св. Ѓорѓи” а го продолжува во Велешката гимназија.

Окупацијата на својата земја го затекнува во родното место. Како гимназијалец Јовче се движи меѓу напредната младина, поради што и чита марксистичка литература. Како резултат на неговата извонредна активност во раскринкувањето на Бугарскиот окупатор и Бугарските школски власти во гимназијата, во 1942 година е примен за член на СКОЈ. Како скоевец активно учествува во тридневниот штрајк на гимназијалците во март 1942 година.

Со формирањето на Осмата велешка бригада на 2 септември 1944 година во село Отиштино, Јовче стапува во нејзините редови. Како борец на бригадата активно учествува во борбите што се водат за ослободувањето на нашата земја од окупаторот и домашните предавници.

Јовче како борец на вториот Баталјон на бригадата, а како Скоевец на должност е како делегат во вод.Како борец и Скоевец бил безстрашен, дисциплиниран, примерен и сакан од сите борци. А како резултат на неговата борба и политичка активност во првите денови на октомври е предложен за комесар на чета.

Ова унапредување допринесува Јовче да биде поактивен. Меѓутоа овој младешки полет на Јовчета е сопрен со неговото заминување.

Јовче Тесличков загинува на 24 Октомври 1944 година на само 19 години од својот живот, кога требаше и понатаму да се бори и да ја дочека толку сакaната слобода за која во текот на животот чезнееше. Неговиот светол лик на младата генерација треба да и служи како пример за тоа како треба да се брани и чува слободата.

## Важни награди и признанија

Учениците од ОСУ „Јовче Тесличков“ учествуваат на разни натпревари и манифестации каде го покажуваат своето теоретско и практично знаење.Од страна на раководниот тим и тимот на наставници при ОСУ „Јовче Тесличков“ се води посебно грижа за зајакнување и единството на меѓучовечките односи во училиштето, меѓу учениците и наставниците и тоа претставува солидна база за успешна работа и освојување на важни награди и признанија.

- По значајните успеси постигнати на општинско и регионално ниво и стекнувањето на титулата Општински прваци за учебната 2016/2017, кошаркарите од нашето училиште на државното првенство го освоија петтото место со ментор проф.Анѓел Љутков.
- Учество и освоено прво место екипно во карате и поединечно второ и трето место со учениците Јован Васиќ и Христијан Димитриевски под менторство на проф. Златко Гуцев.
- На националниот конкурс за новинарска статија од програмата за „Млади репортери за животна средина“ која е дел од Фондацијата за еколошка едукација во македонскиот образовен систем ученикот Александар Милошевиќ со својата статија „Лек за велешкиот чир“ го освои третото место. Ментор проф.Елизабета Циунова.
- На регионален натпревар по социологија освоено трето место од ученичката Тина Божинова од 1б клас со ментор проф.Марија Јанушева. Ученичката зема учество и на државен натпревар.
- На 05 .05.2017 год. Се одржа државен натпревар по Географија на Природно-математичкиот факултет – Скопје на кој учествуваше и нашето училиште со ученичката Ангела Алексова од 3д клас која го освои 4-тото место под менторство на Методија Бузалковски
- Учество на регионален натпревар по социологија, каде учество земаа учениците Тина Божинова од 2б клас и Игор Стојков од 1б клас. Ученикот Игор Стојков го освои првото место, со што зема учество на државниот натпревар и го освои второто место. Ментор- проф. Марија Јанушева.
- Учество на државен натпревар по руски јазик на 12 мај 2018 кој се одржа на Филолошкиот факултет земаа учениците: Сара Цветковска од 1б клас, Кристина Пановска 2г клас, Кристијан Пановски од 2а клас, Симона Здравевска 2б клас, со ментор Македонка Миланова.
- Во учебната 2017-2018 Учество на државен натпревар „Get In The Ring“ со ученици од четврта година со подготвен бизнис план и пласман во полуфинале. Ментори проф. Виолета Галева и Васко Трајковски. Во рамки на натпреварот „Get In The Ring“, организиран од страна на Националниот Центар за Развој на Иновативно и Претприемничко учење (NCDIEL), нашето училиште беше избрано меѓу 16-те полуфиналисти од аплицираните 42 бизнис планови
- 18 Мај 2018 година учествувавме на Национален натпревар за најдобра ученичка компанија во организација на Junior Achievement Македонија со тим од тројца професори и пет ученици кои освоија прво место на ниво на Македонија, што им обезбеди учество на европскиот натпревар кој се одржа од 16-19 Јули во Белград, кадешто учениците во конкуренција на 38 ученички компании од исто толку европски држави го претставија својот производ„Ringobit“направен од ученичката компанија UniqaSpera. Производот е едукативно помагало за учење и совладување на математички операции наменето за деца од предшколска возраст и деца со потешкотии во развојот. Ментори беа наставниците Васко Трајковски, Радмила Андовска и Сандра Пановска, а ученици кои беа во тимот беа Сара Горгиевска, Симона Андовска, Анастасија Андовска, Мартина Стојкова и Аријан Амзи.
- Учество на натпревар „Најдобар бизнис концепт 2018“ во организација на Националниот центар за развој на иновации и претприемничко учење (НЦРИПУ), во соработка со Центарот за развој на нови бизниси при Машинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“,Бирото за развој на образование, пласман во полуфинале и во финалето на топ 8 бизнис концепти.

- Учество на натпревар преку реализација на 3- дневна UPSHIFT работилница за социјални влијанија во Струга од 21ви до 23ти март во учебната 2018/2019, организирани од UNICEF, CEEDHUB, Фонд на иновации и технолошки развој и Министерството за образование и наука.
- Учество на „Камп на иновации“ – натпревар на средношколци во претприемачки вештини кој се одржа во Ноември 2019, во Скопје, во организација на “Junior Achievement” Македонија, во соработка со Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. На натпреварот учествуваа 13 средни училишта од десет града од целата територија на земјата и се натпреваруват 52 средношколци со поддршка од 13 ментори наставници. Учесници беа учениците: Магдалена Ѓорѓиева, Христијан Петровски, Ивона Силева и Александра Стевановиќ, а тимот во кој учествуваше Христијан Петровски освои 3то место. Одговорни наставници Радмила Андовска и Васко Трајковски.
- Во ОСУ,,Јовче Тесличков,,натпреварот Дабар“ е интернационален предизвик се одржа од 11.11.2019 год. до 15.11.2019 год под менторство на професорот по информатика Антонио Пановски .На истиот земаа учество 34 ученици,а најдобри резултати постигнаа Кочова Кристина од IVг со 80 поени,Кристијан Пановски od IVa, Атанасовски Јован - IIв и Мартин Дончев Iв со по 70 поени.На сите учесници денес им беа доделени сертификати
- На 10.12.2019 во СЕПУГС,,Васил Антевски -Дрен"Скопје,се одржа натпревар,,Лидер на струка 2019,,на државно ниво.Ученичката Тина Божинова го освои првото место и е лидер на струка образовен профил Деловен секретар под менторство на проф.Тодорка Маџарова.Учениците Натали Димонова, Алма Исљамовска, Кристијан Пановски и Магдалена Ѓорѓиева земаа учество и постигнаа солидни резултати под менторство на проф.Васко Трајковски и Каролина Манаскова.
- Во април, 2020 година втора награда освои нашата ученичка Стојанка Ќупчева на Меѓународниот поетски фестивал во Нови Сад. Ментор проф. Жаклина Ивановска Зафирчева. На натпреварите на МАССУМ во категоријата Најдобра поетска творба учествуваше ученичката Ќупчева Стојанка, освои солиден успех и стипендија за студирање на ФОН. Ментор проф. Жаклина Ивановска Зафирчева.

Училиштето редовно зема активно учество во повеќе јавни манифестации како што се: орагнизирање на хуманитарни акции проследени со културно – уметничка програма, учество на финални работилници за проекти на ученици од средните училишта во организација на Црвениот крст на Р. Македонија, манифестации организирани од невладиниот сектор и манифестации организирани од локалната самоуправа. Училиштето има добиено признание од Црвениот крст за успешно организириање и подржување на хуманитарните активности.

Учлиштето по повод  патрониот празник на училиштето реализира бројни активности збогатени со културно – уметничка програма. Редовно во училиштето се организира и „Љубовна чајанка“ по повод 14 февруари денот на вљубените. Училиштето традиционално организира отворен ден за учениците од завршните години на основото образование, „Саем на бизнис и претприемништво“.

**Ресурси со кои располага училиштето**
Структура на вработените

| Кадар според полот и степенот на стручност | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | | Висока | | Виша | | Средна | | Друга | |
| | | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени | се | жени |
| **Раководен кадар** | Директор | **1** | **1** | **1** | **1** | / | / | / | / | / | / |
| **Наставен кадар** | Наставник за предметна настава | **37** | **22** | **37** | **22** | / | / | / | / | / | / |
| **Стручни соработници** | Педагог | **/** | **/** | **/** | **/** | / | / | / | / | / | / |
| | Психолог | **1** | **1** | **1** | **1** | / | / | / | / | / | / |
| | Библиотекар | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Секретар – администратор | **1** | **/** | 1 | / | / | / | **/** | **/** | / | / |
| | Хаусмајстор | **1** | / | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** | / | / | / |
| | Чувар | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** | **/** | **/** | / |
| | Хигеничар | **4** | **3** | / | / | / | / | 4 | 3 | **/** | **/** |
| **Вкупно** | | **46** | **27** | **39** | **24** | / | / | **6** | **3** | **/** | **/** |

**Простор**
ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, во зградата во која се изведува наставата располага со 25 кабинети со вкупна квадратура од 1118 $m^2$ , 5 канцелариисо 109 $m^2$, 1 библиотека со 34 $m^2$, 1 сала за физичко со зафатнина од 455 $m^2$ и други 12 простории за различни примени со вкупна квадратура од 975 $m^2$. Училиштето располага и со уредено дворно место со квадратура од 1291 $m^2$ и спортски терени и игралишта 2892 $m^2$.

**Преглед на опременоста на училиштето со наставни и технички помагала**

- **Опрема**

Училиштето располага со наставни средства и технички помагала кои ги обновува согласно финансиските можности.  За потребите на online наставата  во училиштето се донирани од страна на компанијата DraxlerMaier вкупно 20 компјутери со што се опремени сите кабинети, и на наставниот кадар му се овозможи непречено да ја реализира  online наставата во просториите на училиштето. Исто така училиштето располага со:5ЛЦД Проектори, 3 бели платна за ЛЦД Проектор, 4Whiteboard 120cmx 180cm - бела табла, 4 Флип чарт табли, 2Фотокопири, 6 принтери, 1 Smart Табла во кабинетот по информатика.

**Финансиски средства**

- **Училиштето се финансира од:**
  - Министерството за образование и наука;
  - Самофинансирање;
  - Проекти;
  - Донации.

**Ресурси со кои располага опкружувањето**

- **Образовни установи  :**

  - Основни училишта4,

  - Училишта за средно образование 3 (една гимназија и две стручни),

  - Приватни училишта за странски јазици

  - Технолошко технички факултет Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола

  - Факултет за туризам и угостителство Охрид- дисперзирани студии Велес приУниверзитет „Св. Климент Охридски“-Битола

- **Културни установи:**

  - Локалнабиблиотека „Бели Мугри“

  - Народен театар „Ј.Х.К Џинот“

  - Народен музеј

  - Антички локалитет Стоби,

  - Центар за поддршка на НВО – Велес,

- Спомен куќа – музеј „Кочо Рацин“,
- Спомен куќа – музеј „Васил Главинов“
- Споменик „Костурница“

- **Невладини организации:**

  Во градот постои Центар за подршка на НВО – Велес, во општината постојат повеќе невладини организации, а со повеќето од нив училиштето има одлична соработка.

- **Спортски клубови:**

  Фудбалски клубови, ракометни клубови, Кошаркарски клубови, Гимнастички клуб, Велосипедски клуб, Кајакарски клубови, Боречки клубови,Одбојкарски клуб, Пинг – понг клуб, карате клубови, Шаховски клуб, Риболовно спортско друштво.

- **Професионални здруженија:**

  Здружение на занаетчии, Здружение на математичари,Здружение на физичари, Здружение на историчари, Здружение на спортски работници и други здруженија.

- **Трговски друштва:**

  Банки,Мали претпријатија,Средни претпријатија, Големи препријатија.

- **Медиуми:**

  Локални ТВ станици, Локални радиостаници, Печатени и електронски весници.

- **Здравствени установи:**

  Медицински Центар, Здравен дом, Центар за јавно здравје, Приватни здравствени ординации.

- **Иституции за безбедност:**

МВР – СВР Велес, приватни агенции за обезбедување

# ВОВЕД

Развојното планирање е динамичен процес со што нашето училиште се стреми да се прилагоди кон надворешните и внатрешни промени. Преку процесот на планирање и врз база на анализа на податоците од минатото и врз основа на претпоставки поврзани со иднината нашето училиште врши избор на цели и начини на нивно реализирање преку планови, програми и стратегии. Преку процесот на планирање нашето училиште е креатор на својата иднина и успешно се прилагодува на потребите на пазарот на трудот.Во развојното планирање на воспитно-образовниот процес на нашето училиште се вклучени сите субјекти од интерната и екстерната средина (ученици,родители,наставниот кадар,локална самоуправа), со цел да се постигнат врвни резултати. Директорот на училиштето е лидер на развојното планирање и тој ја има главната улога на координирање на наставниот кадар и вработените. Тој е клучното лице кое ги делегира работните задачи кои се во релација со училишните планови.

Развојното планирање како организиран, систематизиран, институционализиран  и творечки порцес има за цел да ги реализира приоритетните промени кои ги констатирало училиштето.

Преку зацртаните приоритети во Развојниот план во училиштето треба да настанат квалитетни позитивни промни кои ќе го унапредат животот и работата во училиштето.

За да може училиштето да ја оствари својата мисија и визија, тоа треба да ги следи промените во општеството, но и самото да ги креира сопствените потребните промени. Затоа училиштето преку процесот на самоевалуација ги увиде подрачјата каде што има потреба од подабрување и унапредување и во тој контекст ги постави приоритетите во овој развоен план.

При процесот на реализацијата на развојниот план училиштето ќе се стреми да го унапреди наставниот процес со што ќе ги реализира зацртаните цели, задачи и активности од првиот приоритет. При релаизациата на овој процес ќе бидат вклучени сите засегнати страни и тоа: наставници, ученици, родители, стручна служба и директор. Преку активностите, задачите и целите од вториот приоритет училиштето ќе ги зајакнува односите и климата во училиштето. Во однос на третиот приоритет подобрување на матријалните ресурси за работа ќе се подобрува физичките условите за работа и реализација на наставниот процес.

Во овој развоен план зацртани се приоритети кои произлегуваат од основната потреба да се реализира мисијата на училиштето а тоа е стремежот за пренесување на вредности, знаења и вештини од економска, правна, банкарска и трговска  област кои им се потребни на нашите ученици за долгорочен успех во глобализираниот деловен свет кој е изложен на постојани технолошки и пазарни промени.За успешно развојно планирање и осварување на целите неопходно е добра комуникација внатре во училиштето и добра комуникација со надворешното опкружување и локалната самоуправа.

| Структура на развојното планирање по години на реализација | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Приоритет** | **2021/2022** | **2022/2023** | **2023/2024** | **2024/2025** |
| **Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови** | **X** | **X** | **X** | **X** |
| **Одржување на висок степен на организациска клима и култура во училиштето** | **X** | **X** | **X** | **X** |
| **Обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа** | **X** | **X** | **X** | **X** |

## II. МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

„Обезбедување квалитетен воспитно - образовен процес, преку примена на современи методи на учење, критичко размислување и интегрирање на информатичка технологија и дигитални вештини во наставата, поддршка на самостојноста на ученикот, во процесот на стекнување на знаења, вештини и ставови, за нивна практична примена во реалниот животен контекст, креирање на култура на доживотно учење.“

***Мото***

**„Биди и ти успешна приказна“**

## III. ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

„Придонес во развивањето на европските образовни вредности преку обезбедување на сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон „ученикот“, кое му овозможувастекнување со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество и новите предизвици на пазарот на трудот.“

# IV. УТВРДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ

**Осврт од анализи, слаби и јаки страни, кон што се фокусира училиштето и ги определува**

Врз основа на извршената самоевалуација за изминатиот период во училиштето ОСУ„Јовче Тесличков“ утврдени се неколку приоритетни подрачја кои се користат како основа за изработка на развојниот план за периодот од 2017-2021 година. Од извршената анализа определени се идните активности кои се однесуваат на обуки на наставниот кадар, продлабочување на соработката со локалната средина, подобрување на успехот и редовноста на учениците, зголемување на степенот на мотивираноста на учениците и вработените, осовременување на наставниот процес, зголемување на соработката со родителите, зголемување на степенот на транспаретност при оценување, подобрување на училишна клима и односи во училиштето, збогатување на училишната библиотека со економска литература, подобрување на услови од инфраструктурен карактер и доопремување со наставни средства и материјали. Како резултат на предвидените активности определени се следните приоритетни подрачја:

Прв приоритет: **Континуиран развој нанаставниот процесво чекор со современите трендови**

Втор приоритет: **Одржување на висок степен на организациска клима и култура во училиштето**
Трет приоритет**: Обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа**

**<u>Прв приоритет: Унапредување на наставниот процес</u>**

Цел 1.1 Барање поддршка од надлежните институции за воведување на нови поатрактивни профили заради унапредување на уписната политика, воведување на нови смерови и модули, со цел упис на поголем број на ученици и ученици со повисок општ успех од основно образование;

Цел 1.2. Примена на современи интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина , а начинот на кој се учи интересен;

Цел 1.3 Да се побара поголема поддршка од надлежните институции за вклучување на училиштето во поголем број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици, со цел поттикнување и вклучување на поголем број ученици во воннаставните активности и национални и интернационални образовни проекти.

**<u>Втор приоритет: </u>Перманентно унапредување на организациска клима и култура во училиштето**

Цел 2.1Подобрување на климата за време на часовите;
Цел 2.2. Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно- образовниот процес;

**<u>Трет приоритет: </u>**: **Обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа**

Цел 3.1Обезбедување на повеќе финансиски средства за потребите на училиштето од видот на капитални инвестиции: нова фасада, нови врати и подови на кабинетите, реновирање на тоалетите, реновирање на спортската сала и спортските терени;

Цел 3.2 Уредување на училишниот двор;

## V. ФАКТОРИ КОИ ГО ЗАБАВУВААТ РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА ПОСТАВЕНИТЕ ЦЕЛИИ СТРАТЕГИИ ЗА НИВНОТО НАДМИНУВАЊЕ

| ***ПРИОРИТЕТ I. Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови*** | |
|---|---|
| **ЦЕЛ 1.1** ***Барање поддршка од надлежните институции за воведување на нови поатрактивни профили заради унапредување на уписната политика, воведување на нови смерови и модули, со цел упис на поголем број ученици и ученици со повисок општ успех од основно образование*** | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Моменталната политика која се води на ниво на држава која е насочена само кон поддршка на техничките струки во техничките стручни училишта;<br>2. Моменталната слаба заинтересираност на учениците за моменталните профили во струка економија, право и трговија;<br>3. Немање на доволно поддршка од Центарот за средно стручно образование;<br>4. Непостоење на законска регулатива која го штити профилот продавач и која би дала предност при вработување; | 1. Добивање на поголема поддршка од центарот за средно стручно образование, од локалната самоуправа и од МОН за промовирање на струката на национално ниво;<br>2. Добивање на дозвола за воведување на нови атрактивни профили во согласност со барањата и потребите на бизнис заедницата и современиот начин на живот;<br>3. Формирање на законска регулатива за заштита на сите профили од струката економија, право и трговија; |

<table>
<tr><th>Фактори на поддршка</th><th>Стратегии за засилување на факторите</th></tr>
<tr><td>1. Истакнување на фактот дека економијата и правото се столбови на општеството;<br>2. Учењето на претприемништвото, што е наша примарна цел, е носечки постулат во сите европски развиени земји и истиот е клучен за раст и развој на економијата<br>3. Во фаза на разгледување и одобрување е новиот профил „Дигитален маркетинг“</td><td>1. Со добиената поддршка од сите релевантни напоменати институции преку активна маркетинг кампања да се промовира важноста на учењето претприемништво, економија и право;<br>2. Промоција на потенцијалниот нов профил „Дигитален маркетинг“;</td></tr>
<tr><td colspan="2">ЦЕЛ 1.2. Примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина , а начинот на кој се учи интересен;</td></tr>
<tr><th>Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите</th><th>Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори</th></tr>
<tr><td>1.Немање на доволно техничка опременост (ЛЦД проектори за да се поврзат со лаптопите, смарт табли и телевизори) со цел максимална дигитализација на часовите со физичко присуство и осовременување на наставата;<br>2. Недоволна едуцираност за користење на технологија од страна на некои ученици;<br>3. Не се организираат обуки од страна на овластени провајдери за надградба на стручните знаења на наставниците;</td><td>1.Изнаоѓање на начини за добивање финансиски средства за набавка на техничка опрема за осовременување на наставата;<br>2. Подигнување на дигиталните вештини на учениците кои не ги поседуваат;<br>3. Поттикнување на личен и професионален развој на наставниците преку посета на обуки од страна на овластени провајдери;</td></tr>
<tr><th>Факторинаподдршка</th><th>Стратегии за засилување на факторите</th></tr>
<tr><td>1. Употреба на сопствени финансиски средства на училиштето и изнаоѓање на дополнителни извори на финансирање- бизнис заедницата, локалната самоуправа и аплицирање на проекти на државно ниво;</td><td>1. Зајакнување на врските со бизнис заедницата и локалната самоуправа;<br>2. Опфаќање на што поголем број на наставници кои ќе аплицираат во проекти и ќе посетуваат обуки;</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 2. Постои обучен тим за аплицирање на проекти за обука на наставници; | |

| **ЦЕЛ 1.3.** Да се побара поголема поддршка од надлежните институции за вклучување на училиштето во поголем број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици, со цел поттикнување и вклучување на поголем број ученици во воннаставните активности и национални и интернационални образовни проекти. | |
|---|---|
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Неизвесноста околу прифаќањето на одредена апликација за проект;<br>2. Мал број на обучени наставници за пишување на апликации за проекти; | 1. Поголема подготвеност и обученост на што поголем број на наставници кои ја пишуваат апликацијата за проект; |
| **Факторинаподдршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |
| 1. Имаме тим на наставници кои веќе имаат солидно искуство со пишување на апликации за проекти; | 1. Овозможување на обученост кај поголем број наставници од училиштето кои ќе бидат подготвени да изработат апликации за проекти (посета на обуки за пишување на апликации) |

| ***ПРИОРИТЕТ II.*** Одржување на висок степен на организациска клима и култура во училиштето | |
|---|---|
| 1. **ЦЕЛ 2.1.** Подобрување на климата за време на часовите | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Ученици со слаб успех;<br>2. Ученици со слаба мотивација;<br>3. Недоволно развиена емоционална интелегенција кај дел од учениците;<br>4. Отсуство на можности за професионален развој кај наставниот кадар; | 1. Организација на обуки за развој на емоционална интелегенција;<br>2. Лично или организирано барање на можности за професионален развој кај наставниот кадар; |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |
| 1. Колегијалност, добронамерна и ненавредлива критика, толерантност и меѓусебно почитување; | 1. Зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците и учениците за сопствен развој;<br>2. Примена на систем на пофалби и награди на наставници и ученици; |
| **ЦЕЛ 2.2.** Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно- образовниот процес | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |

| | |
|---|---|
| 1.Недоволна екипираност на педагошко-психолошката служба за унапредување на меѓучовечките односи во колективот;<br><br>2. Недоволна заинтересираност од страна на одреден број родители за соработка со училиштето;<br><br>3. Одредена структура на ученици не соработува доволно со наставниот кадар; | 1. Доекипираност на педагошко-психолошката служба;<br><br>2. Координирана соработка со социјалната служба за активирање на поголема соработка со одреден број родители;<br>3. Индивидуален пристап кон учениците од страна на наставниците и педагошко-психолошката служба; |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |
| 1. Професионален пристап на наставниците кон својата работа;<br>2. Професионален пристап на класните раководители, менаџментот и педагошко-психолошката служба во односот со учениците и родителите;<br>3. Високо развиена свест кај вработените за препознавање на предизвиците и подготвеност за справување со истите;<br>4. Почитување на професионалниот кодекс за однесување во училиштето; | 1. Истакнување на значењето на работата и придонесот на наставникот кон воспитно-образовниот процес со цел да се одржи неговата мотивација за личен и професионален развој;<br>2. Одржување на професионалниот пристап на класните раководители, менаџментот и педагошко- психолошката служба во односот со учениците и родителите;<br>3. Негување на високо развиена свест кај вработените за препознавање на предизвиците и подготвеност за справување со истите;<br>4. Континуирано почитување на професионалниот кодекс за однесување во училиштето; |

| ***ПРИОРИТЕТ III. Обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа*** | |
|---|---|
| **ЦЕЛ 3.1Обезбедување на повеќе финансиски средства за потребите на училиштето од видот на капитални инвестиции: нова фасада, нови врати и подови на кабинетите, реновирање на тоалетите, реновирање на спортската сала и спортските терени** | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Недоволна количина на финансии за одржување на капиталните инвестиции и вложување во нови во однос на реалните потреби кои ги има училиштето;<br>2. Недоволна искористеност на други дополнителни извори за финансирање; | 1. Учество во проекти за обезбедување на финансиски средства и изнаоѓање на можности за самофинансирање;<br>2. Зголемување на соработката со бизнис заедницата во насока на обезбедување на дополнителни средства и донации;<br>3. Ефикасно менаџирање со финансиите; |
| **Фактори на поддршка** | **Стратеги за засилување на факторите** |
| 1. Успешната соработка со локалната самоуправа и МОН;<br>2. Правилно менаџирање со финансиите; | 1. Продолжување на успешната соработка со локалната самоуправа и МОН;<br>2. Континуирано правилно менаџирање со финансиите; |
| **ЦЕЛ 3.2.** Уредување на училишниот двор и спортските терени | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Недоволно наменско издвојување на финансии за уредување на дворот;<br>2. Потребни дополнителни финансии од локална самоуправа наменети конкретно за уредување на дворот и спортските терени; | 1. Да се побара наменско издвојување на финансии за уредување на дворот;<br>2. Аплицирање и изработка на проекти и елаборати за обезбедување на финансиски средства за уредување на дворот;<br>3. Барање на стручна помош во аплицирање во одредени проекти; |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |
| 1. Постојат просторни услови кои можат да бидат подобро уредени и искористени и со тоа би го зголемиле квалитетот и удобноста при | 1. Изработка на акционен план за обезбедување на финансиски средства кои ќе бидат наменети исклучително за уредување на просторот во дворот и спортските терени |

| | |
|---|---|
| престојот во училиштето, што директно влијае врз квалитетот на наставниот процес и имиџот на училиштето; | и акционен план за изведување на потребните активности; |

## VI. ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ

| **I (прв) ПРИОРИТЕТ** | ***Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови*** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **СОДРЖИНА** | **2021/2022** | **2022/2023** | **2023/2024** | **2024/2025** |
| **ЦЕЛ 1.1** | ***Барање поддршка од надлежните институции за воведување на нови поатрактивни профили заради унапредување на уписната политика, воведување на нови смерови и модули*** | **X** | **X** | **X** | **X** |
| Задача 1.1.1. | Поднесување на барање до МОН и Центар за средно стручно за воведување на нови атрактивни профили | **X** | **X** | **X** | **X** |
| Задача 1.1.2 | Барање на законска регулатива за заштита на струката економија, право и трговија; | **X** | **X** | **X** | **X** |
| **ЦЕЛ 1.2** | Примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина , а начинот на кој се учи интересен | **X** | **X** | **X** | **X** |
| Задача 1.2.1 | Изнаоѓање на начини за добивање финансиски средства за набавка на | **X** | **X** | **X** | **X** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | техничка опрема за осовременување на наставата | | | | |
| Задача 1.2.2 | Поттикнување на личен и професионален развој на наставниците преку посета на обуки од страна на овластени провајдери | **X** | **X** | **X** | **X** |
| **ЦЕЛ 1.3** | Да се побара поголема поддршка од надлежните институции за вклучување  на училиштето во поголем  број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици, со цел поттикнување и вклучување на поголем број ученици во воннаставните активности и национални и интернационални образовни проекти. | **X** | **X** | **X** | **X** |
| **Задача 1.3.1** | Активно следење на сите понудени образовни проекти и натпревари и задолжително учество на проекти и натпревари постојни и нови и други активности | **X** | **X** | **X** | **X** |

| **II (втор) ПРИОРИТЕТ** | **Одржување на висок степен на организациска клима и култура во училиштето** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **СОДРЖИНА** | **2021/2022** | **2022/2023** | **2023/2024** | **2024/2025** |
| **ЦЕЛ 2.1** | Подобрување на климата за време на часовите | **X** | **X** | **X** | **X** |
| Задача2.1.1. | Организација на обуки за развој на емоционална интелегенција | **X** | **X** | **X** | **X** |
| Задача2.1.2 | Лично или организирано барање на можности за професионален развој кај наставниот кадар | **X** | **X** | **X** | **X** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Задача2.1.3 | Примена на систем на пофалби и награди на наставници и ученици; | **X** | **X** | **X** | **X** |
| **ЦЕЛ 2.2** | Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно- образовниот процес | **X** | **X** | **X** | **X** |
| Задача2.2.1 | Да се зајакне соработката со социјалната служба за активирање на поголема соработка со одреден број родители; | **X** | **X** | **X** | **X** |
| Задача2.2.2 | Воспоставување на индивидуален пристап кон учениците од страна на наставниците и педагошко-психолошката служба; | **X** | **X** | **X** | **X** |
| Задача2.2.3 | Негување на високо развиена свест кај вработените за препознавање на предизвиците и подготвеност за справување со истите; | **X** | **X** | **X** | **X** |
| Задача 2.2.4 | Континуирано почитување на професионалниот кодекс за однесување во училиштето; | **x** | **x** | **x** | **x** |

| **III (трет) ПРИОРИТЕТ** | **Обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **СОДРЖИНА** | **2021/2022** | **2022/2023** | **2023/2024** | **2024/2025** |
| **ЦЕЛ 3.1.** | Обезбедување на повеќе финансиски средства за потребите на училиштето од видот на капитални инвестиции: нова фасада, нови врати и подови на кабинетите, реновирање на тоалетите, реновирање на спортската сала и спортските терени; | **X** | **X** | **X** | **X** |
| Задача 3.1.1 | Учество во проекти за обезбедување на финансиски средства и изнаоѓање на можности за самофинансирање; | **X** | **X** | **X** | **X** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Задача 3.1.2 | Зголемување на соработката со бизнис заедницата во насока на обезбедување на дополнителни средства и донации; | X | X | X | X |
| **ЦЕЛ 3.2** | Уредување на училишниот двор | | X | X | X |
| Задача 3.2.1 | Изработка на акционен план за обезбедување на финансиски средства кои ќе бидат наменети исклучително за уредување на просторот во дворот и акционен план за изведување на потребните активности | | X | X | X |
| Задача 3.2.2 | Да се побара наменско издвојување на финансии за уредување на дворот; | | X | X | X |
| Задача 3.2.3 | Аплицирање и изработка на проекти и елаборати за обезбедување на финансиски средства за уредување на дворот; | | X | X | X |

# ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАДАЧИТЕ

## УЧЕБНА 2021/2022 година

| ***I (прв) ПРИОРИТЕТ*** | ***Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови*** | VIII | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | VII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 1.1** | ***Барање поддршка од надлежните институции за воведување на нови поатрактивни профили заради унапредување на уписната политика, воведување на нови смерови и модули*** | | | X | X | X | X | X | X | | | | |
| **Задача** 1.1.1 | Поднесување на барање до МОН и Центар за средно стручно за воведување на нови атрактивни профили | | | X | X | X | X | X | X | | | | |
| **Задача** 1.1.2 | Барање на законска регулатива за заштита на струката економија, право и трговија; | | | X | X | X | X | X | X | | | | |
| **ЦЕЛ. 1.2** | Примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина , а начинот на кој се учи интересен | | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | |
| **Задача** 1.2.1. | Изнаоѓање на начини за добивање финансиски средства за набавка на | | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | техничка опрема за осовременување на наставата | | | | | | | | | | | | |
| **Задача** 1.2.2. | Поттикнување на личен и професионален развој на наставниците преку посета на обуки од страна на овластени провајдери | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | |
| **ЦЕЛ 1.3** | Да се побара поголема поддршка од надлежните институции за вклучување на училиштето во поголем број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици, со цел поттикнување и вклучување на поголем број ученици во воннаставните активности и национални и интернационални образовни проекти. | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | |
| **Задача 1.3.1** | Активно следење на сите понудени образовни проекти и натпревари и задолжително учество на проекти и натпревари постојни и нови и други активности | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | |

## ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАДАЧИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023

| ***I (прв) ПРИОРИТЕТ*** | ***Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови*** | **VIII** | **IX** | **X** | **XI** | **XII** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 1.1** | ***Барање поддршка од надлежните институции за воведување на нови поатрактивни профили заради унапредување на уписната политика, воведување на нови смерови и модули*** | | | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | | | | |
| **Задача** 1.1.1 | Поднесување на барање до МОН и Центар за средно стручно образование за воведување на нови атрактивни профили | | | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | | | | |
| **Задача** 1.1.2 | Барање на законска регулатива за заштита на струката економија, право и трговија; | | | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | | | | |
| **ЦЕЛ. 1.2** | Примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина , а начинот на кој се учи интересен | | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | |
| **Задача** 1.2.1. | Изнаоѓање на начини за добивање финансиски | | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | средства за набавка на техничка опрема за осовременување на наставата | | | | | | | | | | | | |
| **Задача** 1.2.2. | Поттикнување на личен и професионален развој на наставниците преку посета на обуки од страна на овластени провајдери | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | |
| **ЦЕЛ 1.3** | Да се побара поголема поддршка од надлежните институции за вклучување на училиштето во поголем број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици, со цел поттикнување и вклучување на поголем број ученици во воннаставните активности и национални и интернационални образовни проекти. | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | |
| **Задача 1.3.1** | Активно следење на сите понудени образовни проекти и натпревари и задолжително учество на проекти и натпревари постојни и нови и други активности | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | |

**ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАДАЧИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024**

| ***I (прв) ПРИОРИТЕТ*** | ***Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови*** | **VIII** | **IX** | **X** | **XI** | **XII** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
